**НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА** Археолошки музеј на Македонија-Скопје
ул.Кеј Димитар Влахов бр.бб, Скопје

Врз основа на членот 22 став (1) точка 1 и став (3) и членот 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 и 27/2016), Националната Установа „Археолошки музеј на Македонија-Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за засновање на работен однос на определено време**

Националната Установа „Археолошки музеј на Македонија-Скопје“, распишува Јавен Оглас за засновање на работен однос на определено време за (1) еден извршител за временски период од 1(една) година на следното работно место:

- Раководител на сектор за стручни работи (1) еден извршител.

Кандидатите, покрај општите услови утврдени со законот за работни односи треба да ги исполнуваат и следните посебни услови утврдени во правилникот за систематизација на работни места во НУ Археолошки музеј на Македонија-Скопје:

**1.За работното место „Раководител на стручен сектор“** потребни се следните критериуми: Високо 240 кредити според ЕКТС (археологија или историја на уметност)
Кандидатот потребно е да ги достави следните документи:
-Пријава за јавниот оглас;
-Кратка биографија( CV );
-Доказ за завршено соодветно образование (оригинал диплома или заверена на нотар);
-Доказ за работно искуство во струката од 6 години;
-Уверение за државјанство;
-Доказ за познавање на странски јазик (ниво CEFR): на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Неделно работно време е 40 часа. Основна бруто плата е во износ од 56.000,00 денари.
Јавниот оглас ќе трае (5) пет работни дена од денот на неговото објавување. Пријавите со потребната документација е потребно да се доставаат во затворен плик со назнака „За Јавен оглас“ до Националната Установа „Археолошки музеј на Македонија-Скопје“ преку пошта на адреса „Кеј Димитар Влахов бб, поштенски фах 125, Скопје или во архивата на Националната установа „Археолошки музеј на Македонија-Скопје“
Некомплетна и ненавремена документација нема да биде предмет на разгледување при изборот на кандидатите.За резултати од конкурсот, кандидатите ќе бидат известени по писмен пат или елекронски по е-маил адреса.

**Национална Установа Археолошки музеј на Македонија-Скопје**
ул.Кеј Димитар Влахов бб, Скопје